Врз основа на член 2 став 1 од Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено-економската криза предизвикана од коронавирусот Covid-19 за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.92/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 мај 2020 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ФИЗИЧКИТЕ ЛИЦА КОИ ВРШАТ САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ ПОГОДЕНИ ОД ЗДРАВСТВЕНО-ЕКОНОМСКАТА КРИЗА ПРЕДИЗВИКАНА ОД КОРОНАВИРУСОТ COVID-19

1. Со оваа програма се утврдува исплатата на финансиски средства за финансиска поддршка на физичките лица кои вршат самостојна дејност - баратели на финансиска поддршка, погодени од здравствено - економската криза предизвикана од Коронавирусот COVID-19, за месеците април и мај 2020 година, во висина од 14.500 денари месечно.
Средствата од став 1 на оваа точка се обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, Сметка 100000000063095, Подсметка 040010007863713, Конто 464990, Програма П1.

2. Средствата од точка 1 од оваа програма се исплаќаат на трансакциска сметка преку која физичкото лице - барател на финансиска поддршка врши трансакции за дејноста.

3. За реализација на оваа програма се грижи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

4. Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија ќе достави Извештај за реализација на оваа програма до Владата на Република Северна Македонија со финансиски показатели и образложение на постигнатите резултати, до 31.12.2020 година.

5. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Бр. 44-3981/1**
**12 мај 2020 година**
**Скопје**

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА**
**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Радмила Шекеринска**
**Јанковска**